# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Григор Прличев“ - Охрид период од 2022 до 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште „Григор Прличев“- Охрид изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 до 2024 година.

За таа цел на предлог на директорот на училиштето Лилјана Ефтимовска, Училишниот одбор формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата бр. 02-346/3 од 29.6.2022 година во следниот состав:

Славица Јолакоска Таштаноска-координатор

- Планирање, настава и учење - Офелија Петреска, Наташа Митреска (заменик), Весна Тодороска
- Постигања на учениците - Славица Јолакоска Таштаноска
- Училишна клима и односи во училиштето - Билјана Атанасовска, Билјана Маркоска
- Управување, раководење и креирање политика - Лилјана Фанкоска, Јованка Петреска

Николина Трпоска- родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од 2022 до 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Офелија Петреска и Весна Тодороска (координатори на тимот), Наташа Митреска (заменик), Валентина Трпческа, Филип Блажески, Мира Групчева, Силвија Мојсоска, Биљана Иваноска, Даниела Печијареска, Фанче Наумоска, Олгица Грозданова, Елизабета Билбилоска; Кире Стојаноски, Славица Мојсоска, Александар Ангелески, Елена Пендова, Ристе Пуцоски, Виолета Асанчаровска Упарческа, Сашо Ставрески, Рената Башоска, Климентина Спасеска; |
| 2. Постигања на учениците | Славица Јолакоска Таштаноска (координатор на тимот), Моника Герасимоска, Кате Бујароска Анѓелеска, Цветанка Ристеска, Валентина Петровска, Нина Ристеска, Елизабета Русеска, Даниела Тупанческа, Невенка Костова, Билјана Николоска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Билјана Атанасовска и Билјана Маркоска (координатори на тимот), Сузана Маленкова, Наташа Марковска, Јованка Нанеска, Ивана Богоевска Треноска, Боби Спироски, Верица Симоноска, Ангелко Трпеноски, Илинка Лекоска, Ружица Размоска; Анита Николоска, Јагода Николоска, Марина Колеска Наумова, Николина Спасеска, Марија Стојоска, Елизабета Цветкоска, Зоран Георгиески, Никола Цивкоски, Светлана Попоска |
| 4. Управување и раководење | Лилјана Фанкоска и Јованка Петреска (координатори на тимот), Анастасија Настеска, Марина Танасоска, Лилјана Ставреска, Мара Ѓорѓиоска, Кире Рибар, Гордана Никлеска, Перо Георгиески, Радмила Лотеска, Зоран Николоски; Николина Чадоска, Ангелка Коталеска Љатко, Билјана Николоска (мак.ј), Ивана Левеска, Ангела Дулеска, Гордана Љаткоска, Зоран Митаноски, Благоја Ристески, Татјана Димитриеска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 9.7.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во училиштето се реализираат наставни планови и програми кои се во согласност со програмските документи од БРО, а одобрени од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем на македонски наставен јазик. Врз основа на пропишани процедури, директорот и стручната служба обезбедуваат поддршка и следење на планирањата на наставниците. Наставниците во рамките на стручните активи, разменуваат искуства и идеи со цел подобрување на квалитетот на планирањата. За реализација на образовната инклузија во училиштето за учениците со ПОП се изготвуваат индивидуални образовни планови, прилагодени на нивните потреби и можности. Во училиштето застапена е интерактивна настава при што учениците активно се вклучени во процесот на учење и овозможена е интеракција на релација наставник - ученик и ученик – ученик. Во активностите што заедно ги остваруваат се применуваат различни наставни форми при што се поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, се негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Со воведувањето на меѓуетничката интеграција во образовниот систем учениците пред се учат да соработуваат и комуницираат со другите, да ги препознаваат и ги прифаќаат меѓусебните сличности и да ги почитуваат меѓусебните разлики, како и да градат меѓусебна доверба како вештини за заедничко живеење во мултиетничко опкружување. Безбедната, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина поттикнува интерес за учење и создава позитивната атмосфера и работна клима во училиштето што опфаќа позитивни интеракции, ефикасна организација, можност за различни стилови на учење, емпатичен однос од страна на возрасните. За секој наставен предмет согласно наставната програма, се изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Наставници користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Преку самооценување и меѓусебно оценување учениците се вклучуваат во оценувањето и им се дава можност да ги согледаат критериумите и да ги подобрат постигањата. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата

**Силни страни**

- Училиштето обезбедува обуки на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.
- Соработка меѓу наставниците во рамките на стручните активи, соработка со училишта на регионално и меѓународно ниво (збратимени училишта), размена на искуства и информации за подобрување на квалитетот на планирањата и наставниот процес.
- Училиштето нуди можност учениците да вршат избор на изборни наставни предмети и ја почитува желбата на учениците при вршење на изборот.
- Односите наставник-ученик и наставник-родител се на високо ниво.

- Училиштето за 3 ученици со посебни образовни потреби, реализира и организира индивидуална подршка за развивање и зајакнување на нивните функционалности и капацитети за процесот на учење, во соработка со стручната служба, УИТ и образовните асистенти.
- Училиштето за секој квалификационен период изготвува распоред за писмено проверување и навремено ги информира учениците за негова реализација.
- Вклучување на сите ученици во воннаставни активности по сопствен избор, согласно нивните интереси и потреби без разлика на пол и етничка припадност.
- Училиштето и наставниците ги поттикнуваат и поддржуваат учениците во учеството на различни манифестации и натпревари на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво и на истите се постигнуваат високи резултати.

**Слаби страни**

- Поголем број од наставниците 65,5% не умеат да изработат ИОП за ученици со посебни образовни потреби.
- Училиштето нема партнер училиште за подобра реализација на планираните содржини и активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
- Недоволна реализација наставни содржини со примена на ИКТ, поради немање доволно ресурси.
- Училиштето има потреба од доопремување со наставни средства и помагала по одредени предмети, дообезбедување потрошен материјал за реализација на наставата (хартија, тонери, печатачи), како и функционална техничка опрема за реализација на активна настава (компјутери, смарт табли, ЛЦД проектори).
- Донесување на Кодекс за оценување на постигањата на учениците, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.

**Приоритети**

- Стручно и професионално усовршување на наставниот кадар за изработка на ИОП за ученици со посебни образовни потреби.
- Подобрена реализација на планираните содржини и активности за меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиштето, со кое во тек е постапката за потпишување меморандум за меѓусебна соработка.
- Доопремување на училиштето со наставни средства и помагала по одредени предмети, дообезбедување потрошен материјал за реализација на наставата (хартија, тонери, печатачи), како и функционална техничка опрема за реализација на активна настава (компјутери, смарт табли, ЛЦД проектори).
- Да продолжи континуитетот на подигнување и зајакнување на свеста кај учениците за меѓусебна почит и

еднаквост, емпатија и ненасилно однесување, разрешување конфликти, грижа за околината преку нивно вклучување во разни воннаставни активности.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во училиштето се следат постигањата на учениците од различен пол и јазикот на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди. Се спроведува систематско собирање, анализирање и вреднување на значајни податоци, за што поуспешна, посоодветна и поквалитетна работа на наставниот кадар и учениците. Како резултат на тие анализи, се доаѓа до сознанија колку учениците им се доближиле на поставените цели или ги постигнале истите според определени критериуми. Во училиштето постои пропишана процедура за идентификација на учениците со потешкотии во учењето, ученици кои се надарени во одредени области и ученици со посебни образовни потреби. Редовно се води грижа за подобрување на успехот на учениците преку одржување на додатна и дополнителна настава. Оценувањето е континуирано со постојано следење на развојот на ученикот со однапред утврдени критериуми за потребното ниво. За постигањата на учениците редовно се одржуваат родителски, групни и индивидуални средби, а истите информации родителите можат да ги следат и од Е-дневникот. Наставниците редовно водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците и ученички портфолија. Сите постигања на учениците се промовираа преку јавните гласила и медиуми.

**Силни страни**

- Постигањата на учениците се следат континуирано и се прават анализи за успехот по сите предмети, за сите квалификациони периоди.
- Наставниците водат евиденција за постигањата на секој ученик, водат ученичко портфолио, во кое се содржани тестови, наставни листови со повратна информација, чек листи, разни изработки, како и за вклученоста и постигањата на учениците во воннаставните активности.

- Училиштето има функционален и редовно уредуван веб сајт и фејзбук страна каде може да се следат истакнатите постигања на учениците.
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.
- Наставниците во соработка со стручната служба идентификуваат ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост и според тоа ја планираат и реализираат наставата и учењето кон потребите, можностите и способностите на тие ученици.
- Училиштето покрај редовни родителски средби, реализира и индивидуални средби со родителите/старателите преку кои ги запознава со постигањата и поведението на учениците за одреден квалификационен период.
- Родителите имаат можност да ги следат постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.
- Системско следење на редовноста на учениците (според пол, етничка припадност и социјално потекло), анализа на причините за отсуствување и известување на родителите, а по потреба и повикување на советување.
- Индивидуален пристап кон секој ученик за подобрување на постигањата, преку навремено и редовно реализирање дополнителна настава.
- Индивидуален пристап кон секој ученик за надоградување на знаењата преку навремено и редовно реализирање додатна настава.

**Слаби страни**

- Работењето во смени го ограничува времето и планирањето на распоредот за одржување на додатна и дополнителна настава.
- Континуираната (не)заинтересираност кај учениците за посетеност на дополнителна настава, која се зголемува непосредно пред писмените проверувања.

**Приоритети**

- Подобрување на постигањата на учениците преку диференцирана настава.
- Планирање и реализација на интегрирани активности, во функција на подобрување на постигањата на учениците.

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето е препознатливо во средината како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Создавање позитивна училишна клима, еднаков однос кон сите ученици без разлика на полова, етничка, национална и верска припадност и почитувањето на индивидуалните разлики на учениците се основни принципи во работењето на училиштето. Соработката помеѓу сите субјекти во воспитно-образовниот процес и начинот на комуникација во кој се почитува личноста на другиот како основен принцип, е основна заложба на училиштето, како основа за успешно реализирање на задачите и личниот развој на учениците и наставниците. Училиштето води јасно формулирана антидискриминативна политика во однос на учениците со различни психофизички способности. При распределување на задолженијата за учество на спортски натпревари, ликовни изложби , вклучување во различни приредби по повод Патрониот празник на училиштето и други манифестации се настојува да има правична застапеност на сите ученици, без разлика на половата, етничката и верската припадност. Училиштето континуирано и успешно соработува со институциите во локалната средина ( Здравствен дом, Црвен Крст, Центар за социјални грижи), со цел активно да се вклучи во обезбедувањето здравствена заштита на учениците независно од нивната полова и етничка припадност. Има изградено стратегија за инклузија на учениците со посебни образовни потреби во наставниот процес. Училиштето прави напори максимално да им помогне на учениците со лоша социјална положба, преку обезбедување на учебници и учебни помагала, бесплатно учество во екскурзиите, бесплатна исхрана, обезбедување матерјални средста во соработка со Црвен Крст и други организации. Традиционално организира екскурзии од едукативен и рекреативен карактер и училишен спортски ден, со цел спортот да се афирмира како можност за развивање и одржување на здравјето кај учениците. |
| **Силни страни**<br><br>• Училиштето е препознатливо во локалната средина по квалитетот на работа, високите постигања на учениците во различни области, угледот кој го ужива кај родителите и сите субјекти кои се вклучени во работата на училиштето.<br>• Користи различни медиуми (училиштен весник, интернет страни, социјални мрежи), за афирмирање на вонннаставните активности.<br>• Во училиштето владее позитивна клима меѓу сите субјекти вклучени во работата на училиштето (директор, стручна служба, наставен кадар, ученици, административно-технички персонал. |

- Училиштето има Куќен ред и Етички кодекс со правила на однесување на вработените, учениците и родителите и пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот.
- Училиштето има донесено Интерен правилник за педагошки мерки и ги користи сите законски прописи за навремено справување со сите облици на прекршување на принципите и правилата на однесување.
- Почитување на разликите на учениците и давање еднаква можност на сите ученици да учат, да се развиваат и да го надградуваат своето знаење.
- Обезбедува отворена соработка со родителите преку активности кои се организираат, со цел да придонесат во унапредување на воспитно–образовниот процес.
- Остварува соработка со општината и урбаната заедница, преку спроведување заеднички активности и проекти, учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.
- Училиштето континуирано соработува со институциите во локалната средина (Центарот за социјални работи, Црвен Крст, Министерството за внатрешни работи-СВР Охрид и здравствените установи);
- Се одржуваат едукативни предавања и се спроведуваат активности и проекти со цел да се превенира насилство и  да се подигне свеста кај учениците за грижа за здравјето, здрава исхрана и заштита од пороци (алкохол, пушење, наркотични средства);
- Спроведена е обука на вработените за безбедност и здравје при работа.
- Во функција е 24-часовен видео надзор за зголемена безбедност на учениците и училишниот простор.
- Училиштето има изготвено План за евакуација при елемантарни непогоди.
- Се организираат хуманитарни акции за помош на ученици од социјално загрозени семејства.
- Училиштето организира активности и користи промотивни материјали од образовни институции за професионална ориентација на учениците, со цел да им помогне при изборот и можностите за понатамошно образование.

**Слаби страни**

- Недоволна запознаеност на учениците со надлежностите и работата на Ученичкиот парламент и Детето правобранител.
- Одржувањето на хигиената во училишните простории треба да биде на повисоко ниво.
- Почесто изведување симулациони вежби за превенција и заштита од пожар, земјотрес, давање прва помош на повреден.
- Недоволно обучен кадар во училиштето за давање прва помош при несреќни случаи.

**Приоритети**

- Организирање  трибини, предавања и работилници од страна на Ученичкиот парламент на почетокот од секоја учебна година, со цел запознавање на учениците со неговите надлежности и работење, како и со надлежностите и работењето на Дете правобранител.
- Секој квалификационен период да се истакнуваат пофалени ученици во секоја генерација (секое одделение по еден ученик) и да се доделуваат награди симболични како мотив за подобрување и продолжување на успехот.
- Подобрување на хигиената во училиштето (училници, кабинети, ходници, тоалети, соблекувални) и училишниот двор.
- Најмалку еднаш годишно да се изведува симулација на постапување во случај на елементарна непогода.
- Обезбедување обуки за давање прва помош при несреќни случаи за сите вработени во училиштето.
- Во соработка со општината и надлежните институции редовно да се проверува квалитетот на храната во објектите за храна во непосредната околина на училиштето.
- Поинтензивно да се организираат работилници и предавања од стручни лица за едукација и превенција од насилство и разрешување конфликтни ситуации, заштита од пороци (алкохол, пушење, наркотични средства), како и грижа за здравјето.

## Подрачје 4: Управување и раководење

**Опис/резиме на подрачјето**

Надлежностите за управување со училиштето, креирањето политика и административни задачи врз основа на кои се донесуваат одлуки и се преземаат соодветни мерки, кои подоцна се имплементираат во работата на училиштето се однапред дефинирани според законски акти но пред се раководени од демократските начела за транспарентно и демократско раководење. Раководниот орган при определувањето на клучните политики на училиштето, клучните документи и стратегии има општа идеја за стратешка определба на училиштето заснована врз дефиниран четиригодишен развоен план. Во него се предвидени да се обезбедат соодветни услови за функционирање на училиштето, обезбедување на наставни средства и материјали, самоевалуација и тимска работа за подобрување на климата во училиштето. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Училиштето има јасен план и распоред, максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонанставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Во училиштето работи стручен и амбициозен наставен кадар. Преку интерни предавања, работилници и семинари наставниците ги следат сите новини за изведување современа настава. Стручната служба и наставниот кадар во училиштето ефикасно ги решава конфликтните ситуации, спроведува ефикасен педагошки систем за подобрување и унапредување на воспитниот процес во училиштето со имплементација на интерни правилници за регулирање на правата и обврските на учениците и вработените.
Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите од поставените цели во развојното планирање. При одредувањето на стратешките и конкретните цели во развојниот план, јасно се поставени сите активности преку дефинирање на термини и учесници. Финансиското работење на училиштето е во состав на расположивите средства од буџетот. Овде е интегрирано и финансиското работење и на подрачното училиште.

**Силни страни**

- Училишниот одбор работи транспарентно, обезбедува редовни и сеопфатни информации за својата работа на сите субјекти вклучени во работата на училиштето и има партнерски однос со раководниот орган во училиштето.
- Раководниот орган добро раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем.
- Училиштето остварува соработка со локалната самоуправа и деловната заедница и работи на подобрување на училишната инфраструктура.
- Училиштето постојано ги идентификува потребите од материјално-технички средства и во рамки на своите

финасиски можности истите ги обезбедува.

- Училишната библиотека располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика, кој постојано се дополнува и со рационална употреба ги задоволува потребите на учениците.
- Во училиштето прописно се води библиотечната евиденција.
- Директорот има професионален однос и комуникација со вработените, објективно ги оценува нивните квалитети и се грижи за нивниот професионален развој.
- Училиштето има јасен план и распоред, оптимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности.
- Ефикасен проток на информации и комуникација меѓу раководниот тим, Училишниот одбор, Советот на родители и локалната средина.
- Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се јасно прецизирани и насочени кон изградување на институција со препознатлив стил на организациско функционирање, интерперсонален респект помеѓу вработените, изнаоѓање и примена на систем од мерки и постапки за мотивација на наставникот и другиот стручен кадар.
- Училишниот буџет се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, како и развојот на училиштето во целина.

**Слаби страни**

- Инклузивни инфраструктурни недостатоци во пристапниот дел на училиштето и училишниот двор (пристапни влезови и рампи).
- Училиштето треба да има поразвиен систем за наградување или признание за постигнатите успеси на учениците и наставниците.
- Училиштето нема доволно административно-технички персонал

**Приоритети**

- Училиштето во соработка со Бирото за развој на образованието, да организира обука за наставниот кадар кој во изминатиот период не следел обука за работа со деца со ПОП и да преземе активности за обезбедување на стручно лице - дефектолог.
- Во соработка со локалната самоуправа и бизнис заедницата да направи напори за приспособување на соодветен инклузивен пристап до училишните простории и адаптирање на училишниот простор за непречено вклучување на децата со ПОП.
- Донесување правилник за наградување или признание за постигнатите успеси на учениците и наставниците, како и за успешното работење на вработените воопшто.
- Обезбедување обуки за наставниот кадар за користење информатички (Web2) алатки и апликации во функција на подобрување на наставата по конкретни наставни предмети.

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Обезбедување современи услови за работа;
- Подобрување и осовременување на материјално-техничко, просторно, технолошко, педагошкото и организационо ниво на училиштето;
- Следење и активно учество во промените и новините во воспитно-образовната сфера;
- Перманентно стручно усовршување на наставниот и другиот стручен кадар;
- Изнаоѓање и примена на систем од мерки и постапки за мотивација на наставниот и другиот стручен кадар;
- Континуирана соработка и вклучување на родителите во поедини институционални сегменти.

**Комисија за спроведување на СЕУ**

Општинско основно училиште
„Григор Прличев“ Охрид

Дел.бр.02-315/11

од 17.7.2024